# МОДУЛ ЗА ОБУКА

**Финансирање на политичките партии и финансирање на изборни кампањи –**
*детектирање и елиминација на можностите за корупција*

*вклучително и*

*Кривични дела поврзани со финансирањето на политиката*

*Овој документ е подготвен од Транспаренси Интернешнл - Македонија со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој извештај не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.*

**Едукативна цел:** Детектирање на коруптивни активности при финансирањето на политичките партии и при изборните кампањи

Кривични дела со инкриминации поврзани со финансирање на политички партии и кампањи

**Број на едукатори:** 3 (претставник на ДКСК/ДЗР и експерт за ПП и кампања, еден експерт по кривично право со искуство во оваа област)

**Препорака: Пред почеток на обуката слушателите да ги прочитаат предложените материјали**

**Обем на модулот: Вкупно 3 теми, 10 часови (3 часа практична работа)**

- **ТЕМА 1: Финансирање на политички партии**
- **ТЕМА 2: Финансирање на политички кампањи**
- **ТЕМА 3: Кривични дела кои содржат инкриминации поврзани со политиката и нејзиното финансирање**

**Предавачите да подготви случаи од практиката на работата на Државната комисија за спречување на корупција, Јавното обвинителство и судовите.**

**ТЕМА 1: Финансирање на политички партии**

Час 1: Основни принципи и компаративни искуства (модели) за финансирање на политичките партии; моделот на САД, на Германија и на други држави во регионот; обработка на моделот на финансирање од страна на државата на политичките партии и критериумите за дистрибуција на средствата; донации и спонзорства на ПП; приходи од членарина; други приходи – дали е дозволено или не

Интегритет и транспарентност во финансирањето на политичките партии

Метод: Изложување на темата и поттикнување на дискусија помеѓу учесниците

Час 2: Анализа на домашната правна регулатива за финансирање на политички партии

- Анализа на Законот за финансирање на политички партии (начин и постапка на обезбедување финансиски средства, тековно располагање со средствата од страна на ПП и начинот на вршење контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на ПП;
- елементот на непрофитноста на ПП;
- принципот на јавност и транспарентност во финансирањето на ПП;
- јавни извори на финансирање на ПП и модел на дистрибуција на средствата; приватни извори на финансирање на ПП – членарина, донации и сл.; прохибиција на финансирање од определени субјекти)
- Осврт на одредбите од Кривичниот законик во врска со корупцијата, особено: Член 353 Злоупотреба на службената должност и овластување; Член 355 Измама

во службата; Член 356 Послужување во службата; Член 357 Примање поткуп; Член 358 Давање поткуп; Член 358-а Давање награда за противзаконско влијание; Член 359 Примање награда за противзаконско влијание; Член 359-а Противправно стекнување и прикривање имот; Член 361 Фалсификување службена исправа; и Член 362 Противзаконска наплата и исплата.

Метод: Изложување на темата и поттикнување на дискусија помеѓу учесниците
Примери од пракса поврзани со темата (анализа на случаи)

Час 3 и 4: Анализа на домашната правна регулатива за финансирање на политички партии и ризиците од корупција дел втор

- Анализа на Законот за финансирање на политички партии во делот на контрола на финансирањето на ПП (чл. 23-27а од Законот);

- Работата на ДКСК при анализа на финансирањето на политичките партии

- Работата на ДЗР при анализа на финансирањето на политичките партии

- Структура на извештаите од финансирањето на политичките партии до ДЗР и ДКСК

Метод: практична вежба за начинот на работа по предмети, како и проследување на предметите во кои ДКСК и ДЗР изразуваат сомнеж за корупција до другите надлежни институции и ЈО; студија на случај
Примери од пракса поврзани со темата (анализа на случаи)

**ТЕМА 2: Финансирање на политички кампањи**

Час 1: Основни принципи и компаративни искуства (модели) за финансирање на политички кампањи. Државната контрола на трошењето во кампања и потенцијални можности од неправилности и корупција
Метод: Изложување на темата и поттикнување на дискусија помеѓу учесниците

Час 2: Анализа на домашната правна регулатива за политички кампањи
Анализа на Изборниот законик по однос на делот за изборната кампања (од член 69а до член 87). Анализа на член 71 по однос на отворање наменска сметка за кампањата и начин на работа со неа. Анализа на политичкото рекламирање во медиумите (член 76). Анализа на делот 3.Финансирање на изборите (член 83 до член 84б); 4.Финансиски извештај (од член 85 до член 85б); и 5.Надомест на трошоците за избори (од член 86 до член 87).

Час 3: Структура на извештаите од финансирањето на политичките кампањи до ДЗР и ДКСК (истите по закон се доставуваат и до Државната изборна комисија и до Собранието на РСМ, а кога се работи за локалните избори и до советот на општината/на Градот Скопје)

Анализа на ризици и откривање на неправилности и корупција во извештаите од организаторите на политички кампањи од страна на ДЗР и ДКСК

Надлежностите на ДКСК и ДЗР при анализа на финансирањето на кампањите и начин на постапување; Развивање на стандардни процедури за подобрена ефективност на соработката и размената на информации помеѓу ДКСК и ДЗР

Метод: анализа на студии на случај, на финансиски извештаи од партиите, нивно аналитичко читање и откривање на неправилности, разгледување на посебните извештаи на ДКСК за утврдени злоупотреби во финансирањето на изборните кампањи

Примери од пракса поврзани со темата (анализа на случаи)

**ТЕМА 3: Кривични дела кои содржат инкриминации поврзани со политиката и нејзиното финансирање**

1 Час: Кривично дело Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања Член 165-а

Противзаконито располагање со буџетски средства за време на избори Член 165-в

Задолжително изрекување на казната забрана за користење на средства за финансирање на политички партии Член 165-в

2 Час: Видови на казни и санкции: Член 96 (9) Казната привремена или трајна забрана за вршење одделна дејност и престанок на правното лице не може да се изрече на правно лице основано со закон, како и на политичка партија

Општи правила за одмерување на казната Член 39 (9) (5) При одмерување на казната судот посебно ќе има предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања,Службен весник на Република Македонија Редакциски пречистени текстови 16 од 181 образование, **политичка припадност**, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор

Час 3: Практична работа. Анализа на случаи од праксата на Јавното обвинителство
**Користени материјали за модулот:**

Закон за финансирање на политичките партии (консолидиран текст) http://aa.mk/WBStorage/Files/Zakon_finansiranje_politicki_partii.pdf
Изборен законик (консолидиран текст) https://aa.mk/WBStorage/Files/izboren_zakonik.pdf
Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Службен весник на Република Македонија 12/2019
Кривичен законик (пречистен текст 2020) https://pretsedatel.mk/wp-content/uploads/2020/03/Krivicen-zakonik.pdf

Закон за заштита на укажувачите, (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015, 35/18) пречистен текст https://unite.edu.mk/wp-content/uploads/2018/10/Zakon-za-zastita-na-ukazuvaci-precisten-tekst.pdf
Закон за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, Службен весник на РМ бр.120/2018
Закон за државна ревизија – пречистен текст (01.2020) - („Службен весник на Република Македонија“ број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18) https://dzr.mk/sites/default/files/2020-01/Zakon_drzavna_revizija_precisten_tekst_2020.pdf
Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025
Посебните извештаи за избори на ДКСК каде се утврдени злоупотреби при изборната кампања, мислења на ДКСК
Финансиските извештаи и на ПП поднесени до ДЗР, извештаи на ДЗР за политичките партии
Модел-претставки од граѓани или информатори за вежба при постапување на ДЗР

*Дополнителни закони и подзаконски акти и други релевантни документи*

- Закон за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, Службен весник на РМ бр.120/2018
- Указ за прогласување на Законот за ратификација на дополнителниот протокол за казнената конвенција за корупција, 13.09.2005 година
- Резолуција за поддршка на борбата против корупцијата во Република Македонија Бр.07-3796/1 14.10.2005 година